Република Македонија
Министерство за финансии

МФРМ.Ф.8.5/9-2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**октомври, 2018 година**

# СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 11

Приходи по буџетски корисници ... 12

Буџетски расходи според економската класификација ... 13

Расходи по буџетски корисници ... 14

Буџетско салдо ... 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 17

Плати ... 18

Пензии ... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ... 19

Депозитен потенцијал ... 20

Кредити на банките ... 21

Каматни стапки на депозитни банки ... 21

Пазар на капитал ... 21

Девизни резерви ... 22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2018 година

- Индустриското производство во октомври 2018 година забележа раст од 6,4% во споредба со октомври 2017 година;

- Потрошувачките цени во октомври 2018 година се зголемија за 1,5% во однос на октомври 2017 година, исто како и во септември 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - октомври 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – октомври 2018 година извозот забележа раст од 16,3%, а увозот од 12,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 3,2%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите десет месеци од 2018 година изнесуваа 153.689 милиони денари, односно 23,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,0% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите десет месеци од 2018 година изнесуваа 159.656 милиони денари, односно 24,3% од БДП, што е за 1,3% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во октомври 2018 година се зголемија за 8,2% во споредба со октомври 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во октомври 2018 година забележа раст од 6,4% во споредба со октомври 2017 година. Растот се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија, каде што производството е зголемено за 6,0% и придонес во растот од 4,9 п.п., а истиот е поддржан со растот во останатите два сектора, и тоа Рударство и вадење камен од 12,9% и придонес од 1,1 п.п., како и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 7,0% и придонес од 0,7 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производство во октомври 2018 година бележат 17 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 77,2% во структурата на вкупното производство, што укажува дека раст главно е забележан кај гранките со повисоко учество во структурата. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во октомври е забележан кај производството на машини и уреди со раст од 14,5% и придонес во вкупното производство од 1,9 п.п., а висок придонес има и производството на моторни возила, каде што е забележан раст од 17,6% со придонес од 0,9 п.п.. Производството на прехранбени производи петти месец по ред бележи раст, кој во октомври 2018 година изнесува 3,1%, со што придонесот на оваа гранка во вкупниот раст изнесува 0,3 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во сите групи, и тоа: Интермедијарни производи, освен енергија од 9,1% (придонес од 2,7 п.п.), Капитални производи од 6,7% (придонес од 1,4 п.п.), Енергија од 8,1% (придонес од 1,0 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка од 33,3% (придонес од 0,8 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3% (придонес од 0,8 п.п.).

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите десет месеци од 2018 година бележи раст од 5,2%, што во целост се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,7% и придонес од 5,4 п.п., но истиот е ублажен со

падот во секторот Рударство и вадење камен од 2,8% и негативен придонес од 0,2 п.п., додека растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3% има безначителен позитивен ефект.



**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*
Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 16 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 70,0% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, раст е забележан кај производството на машини и уреди од 16,1% (придонес од 2,1 п.п.), прехранбената индустрија од 2,9% (придонес од 0,3 п.п.), како и кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3% (придонес од 0,0 п.п.).



**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*
Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 18,3% (придонес од 3,9 п.п.) и истиот е поддржан со растот на производството кај групата Интермедијарни производи, освен енергија од 3,2% (придонес од 0,9 п.п.), како и кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 31,2% (придонес од 0,8 п.п.). Растот е ублажен со падот на производството кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,8% (придонес од -0,3 п.п.) и Енергија од 1,0% (придонес од -0,1%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во октомври 2018 година е зголемен за 4,0%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 4,4% и е поддржан со растот во секторот Рударство и вадење камен од 1,9%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 2,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 20,3% и Интермедијарни производи, освен енергија од 4,7%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 3,4%, Енергија од 2,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,1%.

Бројот на работници во периодот јануари - октомври 2018 година бележи раст од 6,5%, што главно се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 7,3%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 1,5%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во првите десет месеци од 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 22,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 11,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,0%; додека пад на бројот на работници има кај групите Енергија од 0,8% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2018 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на октомври 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 68,4%, што претставува зголемување во однос на септември 2018 година, кога изнесувало 68,1%. На годишно ниво, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 28,6%, недоволната домашна побарувачка со 16,1%, недоволната странска побарувачка со 15,4%, неизвесното економско окружување со 10,2%, финансиските проблеми со 8,3%, недостигот на суровини со 8,2% и конкурентниот увоз со 5,7%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври 2018 година во однос на септември 2018 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2018 година издадени се вкупно 276 одобренија за градење, што претставува намалување од 31,0% во однос на истиот месец од 2017 година. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 219 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 26,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во однос на

октомври 2017 година бележи раст од 45,7%. На месечна основа, вредноста на објектите во октомври се зголеми речиси трикратно.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 158 (или 57,2%) се наменети за објекти од високоградба, 48 (или 17,4%) за објекти од нискоградба и 70 (или 25,4%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 276 издадени одобренија за градба, на 157 објекти (или 56,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 119 објекти (или 43,1%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во октомври 2018 година предвидена е изградба на 1.591 стан, со вкупна корисна површина од 116.486м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во октомври споредено со септември 2018 година се зголеми трикратно, а во однос на истиот месец од 2017 година за 71,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2018 година се зголемија за 1,5% во однос на октомври 2017 година, исто како и во септември 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - октомври 2018 година изнесува 1,5%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во октомври се зголемија за 0,4% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во октомври 2018 година е забележан во категоријата Транспорт од 8,4%, следен со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1%, Рекреација и култура од 3,5%, Ресторани и хотели од 2,5%, Здравје од 1,4%, Комуникации и Мебел, покуќнина и

одржување на покуќнина од по 0,9%, Облека и обувки од 0,2% и Останати стоки и услуги од 1,2%.

Годишен пад на цените во октомври 2018 година е регистриран во категоријата Образование од 0,3%, додека цените во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива се непроменети.

Потрошувачките цени во октомври 2018 година се зголемени за 0,3% во однос на претходниот месец. Притоа, зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 1,7%, Облека и обувки од 1,5%, Ресторани и хотели и Здравје од по 0,5%, Рекреација и култура од 0,3% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Останати стоки и услуги од по 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,6% и Комуникации од 0,1%. Цените во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во октомври 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,7%, а на месечна основа се зголемени за 0,4%. Цените на мало во периодот јануари - октомври 2018 година се повисоки за 2,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2018 година во однос на септември 2018 година бележи раст од 2,0% и изнесува 80,5 долари за барел. Споредено со истиот месец од 2017 година, цената на нафтата се зголеми за 39,7%. Цената на природниот гас во октомври 2018 година на месечна основа се зголеми за 0,2%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(*цена во долари/барел; стапка на раст во %*)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во октомври 2018 година се тргуваше со просечна цена од 12.315 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи пад на цената од 1,6%. На годишна основа, цената на никелот во октомври се зголеми за 8,6%. Покрај никелот, цената на оловото исто така бележи месечно намалување од 1,7%. Останатите основни метали

во октомври 2018 година во однос на септември 2018 година бележат раст на цените. Така, цената на цинкот се зголеми за 9,8%, на бакарот за 2,8%, на калајот за 0,8% и на алуминиумот за 0,2%. Цената на железната руда во октомври е зголемена за 7,3% на месечна основа.

Во октомври 2018 година, благородните метали бележат месечен раст на цените. Така, цената на платината се зголеми за 3,1%, на среброто за 2,3% и на златото за 1,4%. Цената на пченката на светските берзи во октомври 2018 година споредено со претходниот месец се зголеми за 3,5%, а цената на пченицата за 0,5%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2018 година изнесува 11.128,6 милиони евра, што претставува раст од 14,4% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари – октомври 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,3%, што претставува зголемување за 0,8 п.п. во однос на истиот период претходната година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - октомври 2018 година изнесува 4.829,6 милиони евра и бележи раст од 16,3% (676,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 7,6%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2018 година изнесува 599,6 милиони евра и бележи раст од 27,5% (129,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 21,2%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2018 година извозот бележи раст од 13,1% (69,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 10,6%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – октомври 2018 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,6% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – октомври 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 17,9% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 8,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 82,4% и 10,9% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – октомври 2018 година изнесува 6.299,0 милиони евра и бележи раст од 12,9% (721,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 2,2%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во октомври 2018 година изнесува 780,2 милиона евра, што претставува раст од 25,2% (157,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се зголемени за 28,8%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2018 година увозот бележи раст од 28,7% (173,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 14,5%.

Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2017 | I-X-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 101,5 | 125,6 | 24,2 | 23,8 |
| Мил. ЕУР | 40,4 | 59,5 | 19,1 | 47,3 |
| Мил.$ | 45,4 | 70,5 | 25,0 | 55,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2017 | I-X-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 839,6 | 848,7 | 9,1 | 1,1 |
| Мил. ЕУР | 361,6 | 451,0 | 89,4 | 24,7 |
| Мил.$ | 405,4 | 534,3 | 128,8 | 31,8 |

| Извоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2017 | I-X-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 32,1 | 22,1 | -10,0 | -31,1 |
| Мил. ЕУР | 860,3 | 996,3 | 136,0 | 15,8 |
| Мил.$ | 964,8 | 1.181,9 | 217,1 | 22,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2017 | I-X-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 25,1 | 27,5 | 2,4 | 9,5 |
| Мил. ЕУР | 149,2 | 176,8 | 27,6 | 18,5 |
| Мил.$ | 167,0 | 210,3 | 43,3 | 25,9 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2017 | I-X-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 580,9 | 650,4 | 69,5 | 12,0 |
| Мил. ЕУР | 373,6 | 452,9 | 79,3 | 21,2 |
| Мил.$ | 419,2 | 536,6 | 117,4 | 28,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2017 | I-X-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 596,1 | 673,0 | 77,0 | 12,9 |
| Мил. ЕУР | 302,9 | 371,2 | 68,2 | 22,5 |
| Мил.$ | 339,3 | 442,7 | 103,4 | 30,5 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - октомври 2018 година, трговскиот дефицит се зголеми за 3,2% односно 44,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во октомври 2018 година трговскиот дефицит се зголеми за 18,3% односно 27,9 милиони евра споредено со октомври 2017 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема, индустриски набавки и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари – октомври 2018 година, 99,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, Полска, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Австрија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,6% од трговската размена во периодот јануари – октомври 2018 година е реализирана во евра и е на исто ниво споредено со истиот период од 2017 година. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,3% и 83,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 0,2 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X - 2017 | | | | | I - X - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.713,4 | 4.652.467.334 | 61,5827 | 286.511.500.064 | 83,4 | 3.728,8 | 5.243.937.694 | 61,5146 | 322.578.729.683 | 83,3 | 591.470.361 | 12,7 |
| УСД | 1.402,8 | 983.316.979 | 55,1350 | 54.215.181.648 | 15,8 | 1.498,4 | 1.182.195.326 | 51,7308 | 61.155.909.996 | 15,8 | 198.878.347 | 20,2 |
| ГБП | 4,1 | 19.168.413 | 70,4558 | 1.350.525.839 | 0,4 | 4,9 | 23.517.954 | 69,5978 | 1.636.797.836 | 0,4 | 4.349.541 | 22,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.120,3 | | | 342.077.207.551 | 99,2 | 5.232,1 | | | 385.371.437.515 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 5.132,1 | | | 343.472.077.284 | 100,0 | 5.246,5 | | | 387.477.017.847 | 100,0 | | 12,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите десет месеци од 2018 година изнесуваа 153.689 милиони денари, односно 23,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,0% во однос на истиот период од 2017 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 91.961 милион денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 7,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 40.770 милиони денари, што претставува зголемување за 2,1% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,3%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 61.528 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 20.758 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 8,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 23,0% споредено со истиот период од 2017 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 13,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 1,5%.

Акцизите се остварени во износ од 20.811 милиони денари (учество од 22,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 7,6%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 61.581 милион денари, што претставува 67,0% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 12.935 милиони денари и забележуваат раст од 8,1% на годишна основа, при што 66,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,9% од приходи од капитал, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 5,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 3,6% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во овие десет месеци изнесуваа 12.363 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 25,4% во однос на истиот период претходната година, што е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 28,8%), доплатите по даночни биланси (зголемување од 31,4%) и задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 28,5%).

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.640 милиони денари и забележаа зголемување од 8,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 442 милиона денари забележаа поголемо остварување за 19,5% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 45.872 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 6,9% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 6,8%, а кај придонесите за вработување и придонесите за здравствено осигурување за 7,1%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 10.170 милиони денари и во однос на истиот период од 2017 година забележаа помало остварување од 9,8% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.924 милиони денари, што е зголемување од 62,9% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.248 милиони денари и се намалени за 41,4% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – октомври 2018 година изнесуваат 143.212 милиона денари,

односно 94,3% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 86,6% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 63,4% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до октомври достигна 81,6% од годишниот план. Приливот на средства по основ на задолжување во странство во овој период изнесува 30.700 милиони денари, што претставува 21,4% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, чии приходи изнесуваат 2.773 милиони денари, односно 1,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (83,4%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Министерството за здравство оствари приходи во износ од 1.024 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 51,1% од тој износ претставуваат даночни приходи. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,2% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – октомври 2018 година изнесуваат 56.507 милиони денари и претставуваат 82,3% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 24.460 милиони денари, односно 82,9% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Македонија во првите десет месеци од 2018 година остварила приходи во висина од 1.975 милиони денари, што претставува 71,1% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во првите десет месеци од 2018 година изнесуваа 159.656 милиони денари, односно 24,3% од БДП, што е за 1,3% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 152.056 милиони денари учествуваа со 95,2% и се зголемени за 4,9% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 21.851 милион денари што претставува зголемување за 0,2% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.087 милиони денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 4,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 112.585 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,7% споредено со истиот период од 2017 година и истите учествуваа со 70,5% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 83.589 милиони денари, забележаа раст од 6,8% и учествуваа со 52,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 50.853 милиони денари, што е зголемување за 5,4% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 31,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,4%, односно забележаа поголема реализација за 11,8%, а се реализирани во износ од 27.707 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.105 милиони денари забележаа зголемување од 5,1%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 12.762 милиона денари што е зголемување од 20,7% споредено со минатата година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Каматните расходи изнесуваат 6.533 милиони денари, што е за 5,3% помалку во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 2,3%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 9,3%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 7.600 милиони денари со структурно учество од 4,8% во вкупните расходи (1,2% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 40,5% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 88,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – октомври 2018 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[1] реализирани се 36.903 милиони денари, што претставува 78,1% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 69,5% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – октомври 2018 година потрошени се 25.653 милиони денари, односно 90,8% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 17,7% од вкупните расходи, за што се реализирани 6.530 милиони денари или 84,0% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – октомври 2018 година реализираше 36.174 милиони денари или 82,9% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (73,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 26.447 милиони денари или 83,1% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,9% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 83,5% (6.849 милиони денари) од планираните за 2018 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – октомври 2018 година изврши буџетски средства во износ од 17.739 милиони денари, што е 73,0% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (63,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 11.336 милиони денари или 82,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,6%, за што се потрошени 2.775 милиони денари, односно 81,3% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 12,1% во вкупните расходи) реализирани се 2.139 милиони денари, што претставува 52,0% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – октомври 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 8.471 милион денари, што претставува 81,8% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 71,8%, за што се потрошени 6.080

---

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милиони денари или 82,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,9%, за што се реализирани 1.346 милиони денари или 82,1% од годишниот план.

Во првите десет месеци од 2018 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.178 милиони денари, што претставува 83,4% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 91,5%), за што во анализираниот период се извршени 6.569 милиони денари или 96,7% од планираното.

Министерството за одбрана во периодот јануари – октомври 2018 година изврши буџетски средства во износ од 4.895 милиони денари, што е 78,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 63,2%, за што во првите десет месеци реализирани се 3.093 милиони денари, што претставува 82,9% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 20,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.023 милиони денари, односно 69,3% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во првите десет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 4.637 милиони денари, што е 75,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 58,9%, за што во периодот јануари – октомври 2018 година потрошени се 2.732 милиона денари или 85,1% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 30,9% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.432 милиона денари, односно 70,5% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 8,3% во вкупните расходи) изнесува 47,9% односно извршени се 387 милиони денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – октомври 2018 година извршени се средства во износ од 2.550 милиони денари, што е 69,1% од вкупниот буџет за 2018 година. Субвенциите и трансферите имаат највисоко учество во вкупните расходи со 34,5%, а нивната реализација во првите десет месеци изнесува 66,9%, односно извршени се 879 милиони денари. Платите и надоместоците учествуваат со 33,4%, а за оваа намена реализирани се 851 милион денари или 80,9% од планираното. За капитални расходи реализирани се 482 милиона денари, што претставува 56,5% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 18,9% од вкупните расходи.

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивното реализирање на капиталните проекти.

Министерството за транспорт и врски во првите десет месеци од 2018 година реализираше средства во износ од 1.998 милиони денари, што е 49,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 67,3%, а нивната реализација во периодот јануари – октомври 2018 година изнесува 41,7%, односно извршени се 1.344 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 26,0% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 519 милиони денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – октомври 2018 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Македонија од 5.967 милиони денари, што претставува 0,9% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.234 милиони денари и претставува 0,8% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – октомври 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 171.539 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 12,1% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица

*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Од вкупниот број новоработени, 41,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во октомври 2018 година 18,7% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања

*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Вкупниот број невработени лица во октомври 2018 година изнесува 182.036, од кои 91.485 се активни баратели на работа, а 90.551 се останати невработени лица. Во

однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,3%.

Најголем дел од невработените лица (66,7%) се градско население, а според половата структура 57,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,0% се со завршено средно образование, додека 14,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2018 година оствари годишен раст од 4,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (21,9%), Информации и комуникации (15,2%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (11,1%). Реалните плати во септември забележаа годишен раст од 3,3%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2018 година оствари годишен раст од 4,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (20,3%), Информации и комуникации (15,2%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (10,8%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 3,3%.

## Пензии

Во октомври 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 310.100 пензионери, што претставува зголемување од 0,8% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 3.531 лице. Од вкупниот број пензионери, 65,0% се корисници

на старосна пензија, 23,5% се корисници на семејна пензија и 11,5% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОМ.

Просечната пензија во октомври 2018 година изнесува 14.455 денари и е за 3,9% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,2%.

Просечната старосна пензија во октомври изнесува 15.739 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.060 денари, а просечната семејна пензија 11.582 денари. За исплата на пензиите во октомври 2018 година се потрошени 4.596,71 милион денари, што претставува 52,8% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(октомври 2018 година)




Извор: НБРМ.

Во октомври 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,75%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во август 2018 година. Ваквото намалување е резултат на здравите економски основи и стабилните очекувања на економските субјекти, видливи преку поволните движења на девизниот пазар и растот на депозитната основа на банките. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во октомври 2018 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 16,2% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките од 26,6% и раст на готовите пари во оптек од 6,0%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 19,6%, како резултат на зголемување на вкупните ликвидни средства на банките за 44,9%, додека готовите пари во оптек се намалија за 0,6%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во октомври 2018 година регистрираа раст од 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 2,3%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,2%.

Од аспект на валутата, во октомври 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,6%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,3%.

Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2018 година оствари раст од 11,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 13,2% и 8,8%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 13,9%, а депозитите на домаќинствата од 8,2%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,4%, а долгорочните депозити за 12,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2018 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **361.295** | **0,9%** | **11,4%** |
| Денари | *213.907* | 0,6% | 13,2% |
| Странска валута | *147.388* | 1,3% | 8,8% |
| Краткорочни | *160.795* | 1,3% | 6,4% |
| Долгорочни | *101.447* | 0,6% | 12,7% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **313.085** | **0,5%** | **8,2%** |
| Денари | *183.613* | 1,3% | 10,5% |
| Странска валута | *129.472* | -0,7% | 5,2% |
| Краткорочни | *56.590* | -1,1% | 6,9% |
| Долгорочни | *237.855* | 0,9 | 11,0% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *15.577* | 1,0% | -16,3% |

Извор: НБРМ

[5] НБРМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРМ од 2015 година.

## Кредити на банките

Во октомври 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во октомври 2018 година кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,9%. Од аспект на валутата, во октомври 2018 година денарските кредити регистрираа раст од 1,3%, додека девизните кредити се намалија за 0,7% на месечно ниво.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРМ.

На годишна основа, во октомври 2018 година вкупните кредити се зголемија за 8,2%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,5% и на кредитите кон претпријатијата од 5,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,5%, а кредитите во странска валута за 5,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,0%, а краткорочните кредити од 6,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,42%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,96%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,79%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври 2018 година изнесува 1,43% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити остана непроменета и изнесува 1,98%, а каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во октомври 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 47,9% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на

прометот од класично тргување и прометот од блок трансакции за 60,8% и 3,2%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2018 година изнесуваше 715,1 милион денари и истиот е зголемен за 44,5% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на октомври 2018 година изнесуваше 3.564,50 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 0,98%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 35,9%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2018 година изнесуваа 2.759,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 50,3 милиони евра, а во однос на октомври 2017 година за 458,4 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693